Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

Извадок на дел од дневни настани 04.01.2023

На 03.01.2023 околу 12.40 часот во тетовски Требош, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода 58-годишниот З.Љ. од ова село. При претрес во неговиот дом и возило „фолксваген голф" со тетовски регистарски ознаки, извршен со судска наредба, биле пронајдени кокаин и осум куршуми за ловечка пушка калибар 12 милиметри. Тој бил задржан во Полициската станица Тетово и по документирање на случајот против него ќе следуваат поднесоци по член 215 и член 396 од Кривичниот законик.

Денеска (04.01.2023) околу 08.00 часот, полициски службеници на СВР Тетово - Одделение за внатрешни работи Гостивар лишиле од слобода малолетник од гостиварски Добридол. Тој се сомничи дека бил инволвиран во две тешки кражби, извршени кон крајот на минатата година во гостиварското село Галате. По целосно расчистување и документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 03.01.2023 во 21.10 часот во Градскиот парк во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода И.Ч.(20) од Скопје, затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и нож. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 03.01.2023 во 22.10 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Т.Д.(21) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 03.01.2023 во 18.30 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.В.(22) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 03.01.2022 околу 22.30 часот на улица „Киро Ристевски - Дрнц" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода С.А.(30) и 16-годишник, двајцата од Тетово. При нивен и преглед на патничко возило „опел астра " со тетовски регистарски ознаки, во кое се превезувале, била пронајдена марихуана. Двете лица се задржани во Полициската станица Тетово и по документирање на случајот ќе им бидат изготвени соодветни поднесоци.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (03.01.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 117 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина седум санкции, 13 мерки за возење без возачка дозвола, три санкции за возење под дејство на алкохол. Изречени се четири мерки за користење мобилен телефон при возење, пет санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло), четири мерки за недавање на првенство на минување на пешаци...

На 03.01.2023 на подрачјето на СВР Штип полициски службеници спроведоа акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 11 прекршоци, сите во населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 12 други видови на прекршоци, од кои 1 за управување возило без возачка дозвола, 2 за нерегистрирано возило, 1 за непочитување првенство на минување, 1 за некористење сигурносен појас, 3 за користење мобилен телефон и 4 за непропишано паркирање.

На 03.01.2023 во 16.00 во ОВР Македонски Брод било пријавено дека на регионалниот пат Македонски Брод – Кичево, кај место викано ,,Ветарник", се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „мерцедес" со регистарски ознаки од Македонски Брод, управувано од М.М.(73) од с.Лисичани, Општина Пласница и патничко возило „фолксваген голф" со охридски регистарски ознаки, управувано од Е.Ј.(47) од с.Зајас, кичевско. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил сопатникот од возилото „голф", А.А.(47) од с.Зајас, додека возачот Е.Ј. се здобил со телесни повреди, констатирани во Комплекс клиники „Мајка Тереза" во Скопје. Увид извршила увидната екипа на ОВР Македонски Брод.

На 03.01.2023 во 11.15 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, Ј.С.(49) од Скопје пријавила дека на ул.„Лука Геров" била каснато од куче скитник.

На 03.01.2023 во 14.00 часот во Полициската станица Гази Баба, З.Б.(61) од Скопје пријавил дека на ул.„Архимедова" бил каснат од куче скитник.

На 03.01.2023 во 19.30 часот во Полициската станица Чаир, З.С.(52) од Скопје пријавил дека на ул.„Тале Христов" бил каснат од куче скитник.

Денеска (04.01.2023) во 15.30 часот на ул.„Беласица" во Скопје, полициски службеници од Оперативен тим потраги при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.Е.(29) од Скопје.

Тој бил баран по централна потерница врз основа на наредба на Основен кривичен суд Скопје за издржување казна затвор од две години за сторено кривично дело „тешка кражба" по член 236 од Кривичниот законик.

Лицето ќе биде предадено во надлежната казнено-поправна установа за издржување на казната.

Денеска (04.01.2022) околу 00.30 часот во реонот на село Богородица, гевгелиско, полициски службеници од Полициската станица за граничен премин и граничен надзор Богородица дале знак за запирање на патничко возило „БМВ" со скопски регистарски ознаки, но возилото не застанало и продолжило со движење. Набргу, на автопатот А1, во правец кон Скопје, на место викано „Мрзенска река", возилото било пронајдено запрено, а во него се пронајдени 12 лица мигранти, од кои девет од Сирија и три од Пакистан. Мигрантите биле сместени во Прифатно-транзитен центар „Винојуг" во Гевгелија за понатамошна постапка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 03.01.2023 во 15.00 часот во атарот на с.Света, демирхисарско, полициски службеници од Полициското одделение за безбедност на сообраќајот при ОВР Демир Хисар пронашле нежигосани огревни дрва и моторна пила натоварени на трактор, управуван од Х.Б.(22) од с.Света. Дрвата и моторната пила биле одземени и предадени на Шумска полиција. По целосно документирање на случајот, против лицето ќе биде поднесена соодветна пријава.

Во текот на вчерашниот ден (03.01.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 125 возачи. Од нив две возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното. Притоа 68 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 57 надвор од населено место.

На 03.01.2023 во 18.00 часот во Полициската станица Гази Баба, Д.П.(48) од Скопје пријавила дека на ул.„Финска" била касната од куче скитник.

На 04.01.2023 во 00.05 часот во СВР Скопје, А.З.(26) од Тетово пријавила дека на 03.01.2023 околу 23.30 часот на бул.„Гоце Делчев", по претходна расправија, била физички нападната од Џ.Н. и В.Н. (женски лица). Се работи на расчистување на случајот.

ОВР Радовиш поднесе кривична пријава против Д.Т.(31) и А.Ѓ.(22), двајцата од с.Ораовица, радовишко, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и муштаење во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". Првопријавениот, на 30.12.2022 неовластено купил, држел и пренесувал кокаин, амфетамин, 50 таблети МДМА и марихуана. Додека, второпријавениот организирал купување и посредувал при продажба на наркотични дроги.

На 03.01.2023 во 15.25 часот во Полициската станица Струга, О.К.(20) од с.Подгорци, струшко, пријавил дека на улица „Владо Малески" бил каснат од куче скитник.

На 03.01.2023 во 13.00 часот во СВР Скопје, Г.Ј.(42) од Скопје пријавил дека на 01.01.2023 околу 04.30 часот, пред угостителски објект во Градскиот парк во Скопје, бил физички нападнат од неколку лица. Се работи на расчистување на случајот.

На 03.01.2023 во 18.30 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, Е.К.М.(44) од Скопје пријавила дека во с.Кучково била касната од куче скитник.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Т.Б.(52) од Штип, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка кражба". Во периодот од 29.11. до 01.12.2022, пријавениот со употреба на физичка сила влегол во црквата „Свети Никола" во с.Кукуречани и одзел пари.

На 03.01.2023 во 15.50 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, С.П.(40) од Скопје пријавила дека на ул.„Ацо Шопов" била касната од куче скитник.

На 03.01.2023 во 14.00 часот во Полициската станица Карпош, од Јавна установа за згрижување деца било пријавено дека се оддалечил нивниот штитеник Р.Ѓ.(17), кој и претходно се оддалечувал и бил враќан назад. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 03.01.2023 во 13.35 часот во Полициската станица Струга, Л.П.(54) од Струга пријавила дека на улица „Маршал Тито" била касната од куче скитник.

На 03.01.2022 во 13.25 часот во СВР Скопје, А.С.К.(42) од Скопје пријавила дека на нејзиното патничко возило „опел корса", кое било паркирано на ул.„Тодор Циповски Мерјан", забележала оштетување од залутано зрно. Полициски службеници од Полициската станица Ѓорче Петров го пронашле зрното и го подигнале за понатамошна постапка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Ѓ.И.(35) од Струмица, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење јавен превоз без лиценца". На 06.12.2022, пријавениот бил затекнат како со патничко возило „форд транзит", сопственост на Р.Ш. од с.Водоча, струмичко, како врши јавен превоз на патници во патниот сообраќај без притоа да поседува лиценца за вршење на јавен превоз издадена од надлежен орган - Министерство за транспорт и врски.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (02)3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет